Коле ЈОВАНОВСКИ

# АКСИОЛОГИЈАТА НА НИКОЛАЈ ХАРТМАН

„Теза: свеста мора да излезе од себе доколку опфаќа нешто надвор од себе, т.е. доколку е *сӣознавачка* свест; антитеза: свеста не може да излезе од себе доколку може да ги сфати само своите содржини, т.е. доколку е спознавачка *свесӣ*".

*Харӣман*

„Категориите се она што се само како принципи на нешто; тие се ништо без нивниот конкретум, како што овој е ништо без нив" (став на важење).

*Харӣман*

Феноменолошката аксиологија, како етапа од развитокот на германската идеалистичка аксиологија, покрај Макс Шелер, ја конституираат и аксиолошките согледби на Николај Хартман (1882-1950). Аксиолошкиот концепт на Хартман, кој ќе го атрибутирам како вредносен апсолутизам и објективизам, е своевидна синтеза и креативна кулминација на германската идеалистичка аксиологија, попрецизно речено на онаа нејзина равојна фаза што се епитомизира со синтагмата феноменолошка аксиологија.

За да го изложам, се разбира во лапидарна и концизна форма, аксиолошкиот концепт на Хартман, сметам дека е потребно да се има предвид конгломератот на следниве онтолошки и аксиолошки претпоставки на неговото текстуално наследство.

Имено, Хартман тврди дека поимот стварност, реалитет, не е најопшт, туку тој онтолошки квалификатив е резервиран за поимот битие. Во структурата на битието тој разликува негови моменти и начини (модуси). Модуси на битието се идеалитетот и реалитетот. Реалното битие е светот на поединечните, конкретни ствари кои се врзани за определени временски координати, но не само светот на стварите, туку и на процесите, како на природните така и на душевните кои, исто така, се реални.

Идеалниот реалитет, за Хартман, е она што е општо и како такво не е врзано за времето, туку е вонвременско. Тој е вечен и не е подреден на темпорални флуктуации. „Реалниот свет го формираат и со него владеат идеални суштински односи... Тоа може и вака да се изра-

зи: идеалното битие функционира во реалното како еден вид основна структура. И, според тоа, реалниот свет стои во една внатрешна зависност од него. Но овој однос не може да се пресврти. *Идеалното битие од своја страна не е условено од реалното, не е врзано за егзистенцијата на нешто реално. Тоа има самостојност кон неговото опстоење и токму затоа може да се сфати во апстрахирање од реалното*" (Хартман, 2, Кар. 28, б).

Хартман во реалното ги инкорприра, пред сè, математичките објекти и принципи, потоа логичките принципи, суштините, и најпосле, вредностите.

Како Хартман ги определува категоријално вредностите? Тој вели: „вредностите се модуси на битието /Seinweise/ како Платоновите идеи. Тие припаѓаат на она друго царство на битието кое прв го открил Платон, кое може духовно да се согледа /erschauen/, но не и да се види и зафати /greifen/ (Хартман, 1, Кар. 14,а).

Вредностите се суштини кои постојат по себе, но нивната посебност во однос на субјектот не е од реална природа како што е тоа случајот со реалните предмети, туку идеална: „Вредностите како принципи на дејството можат да ја определуваат стварноста, тие дури во многукратната степенестост можат да бидат остварени - нивната суштина, нивниот специфичен начин на постоење останува токму затоа, сепак, само идеален... Вредностите како такви во односот кон стварното секогаш имаат само карактер на идеја, која, навистина, каде што стварното ѝ одговара, на ова самото му подаруваат карактер на вредносно, но со своето идеално битие останува уште онострана и кон остварувањето. Не се остваруваат, строго земено, самите вредности (вредносниот карактер на материите), туку единствено материите на кои вредносниот карактер воопшто - како на идеалните така и на реалните - им припаѓа" (Хартман, 1, Кар. 16, в).

Според Хартман, одделните вредносни материи можат да се опишат, вредносната свест може да се определи во нејзиниот актуелен карактер, но вредносното битие, како такво, кое стои зад тоа, останува да лебди во извесна несфатливост, тоа има еден превез на ирационално.

Токму затоа „*вредностите постојат независно од степент на нивната исполнетост во стварното.* Тие кон стварното значат само едно барање, едно требање да бидат (Seinsolen), никакво неприкосновено морање да бидат (Seinmüssen), никаква реална принуда. Она што се тие во идеја, постои од онаа страна на реалното битие и небитие... Исклучокот, отстапувањето, непослушноста на постоењето *не ги укинува*" (Хартман, 1, Кар. 6, е).

„На човековото дејствување, продолжува Хартман, етичките вредности не можат да се откријат. Обратно, мора веќе за нив да се знае за да би сме можеле да разликуваме дали дејствувањето е вредносно или спротивно на вредноста“ (Хартман, 1, Кар. 6, f).

Априорното знаење и априорните критериуми, како извор на вредностите Хартман ги наоѓа во *примарното, непосредно* чувство за вредностите:

„Ако фактите на човековото постапување не можат да го покажат принципот, сепак затоа овие факти не се овде единствено дадените. Напротив, секогаш е дадена и *една вредносна свест за фактичкото.* Таа не е свест за принципите, никакво чисто согледување на вредностите, туку едно вредносно чувство, едно појасно или потемно сознавање за вредноста или невредноста на фактичкото однесување“ (Хартман, 1, Кар. 6, f).

Тоа априорно вредносно чувство ги разделува конкретните факти и постапки на добри или лоши, исправни или неисправни, вредни или невредни:

„Всушност, како нештата би можеле да му важат на човекот како добри ако не би постоело едно проценување независно од нивниот реалитет, кое му кажало дека тие имаат вредност? Вредноста не лежи подеднакво на сите нешта; постојат добри и лоши. А со оглед дека начинот на постоењето на добрата и злата е ист, имено стварноста, според што човекот би можел да ги разликува ако тие не му го кажале неговото вредносно чувство? Тој веќе мора да има мерило, на пример, за пријатното и непријатното, и нештата мораат *однапред да потпаѓаат под ова мерило,* да се делат според него на пријатни и непријатни нешта. Тој веќе мора да има примарно животно чувство, кое нештата и односите кои се во негов видокруг ги однесува кон животната вредност и притоа ги разделува на добри и зли. Инаку би постоел вечен круг на наназадно однесување штом би се прашало: *зошто* ова едно е добро? Се одговори ли, имено „оти е добро за она друго“, тогаш веднаш настанува прашањето: „а за што тоа е добро“? Запрашувањето оди in infinitum; и сè додека се движи во сферата на добрата, се движи очевидно во круг. Тоа се смирува дури тогаш кога повеќе не се одговори со некое добро, туку *со една вредност,* т.е. со она што добрата воопшто дури ги чини добра“ (Хартман, 1, Кар. 14, b)

Што се однесува до односот на субјектот кон вредностите, Хартман улогата на субјектот ја набљудува како чисто пасивна: субјектот може да влијае врз вредносната материја, но не и врз вредносниот карактер.

„Субјектот навистина - во извесни граници - со своето учествување може да создаде материја (на пример, да воспостави еден однос на доверба); но тој не може ништо да измени во тоа што една таква материја е вредносна, односно спротивна на вредноста. *Тоа е токму така,* без неговото учествување и во дадениот случај против неговото поинакво мислење. За вредносните карактери важи, значи, ставот дека вредностите имаат битие по себе" (Хартман, 1, Кар. 16, а).

А во врска со идеално-онтолошкиот карактер на вредностите врз основа на анализата на чувствата на субјектот кон вредносните феномени и мислењето на субјектот за нив, Хартман вели: „Моралниот вредносен суд кој вели 'злоупотребата на довербата е вознемирувачка' или 'злорадоста е за осуда' не мисли со тоа дека чувството е вознемирувачко или за осуда. Вредносниот суд, напротив, е самото ова чувство, односно негов израз. Но она што тој го мисли е нешто друго, тоа е нешто објективно, од чувствата независно вознемирувачко *битие* и *битие* - кое е за отфрлување. Тој мисли нешто предметно, по себе постоечко. Но, се разбира, идеално по себе постоечко" (Хартман, 1, Кар. 16, d).

Овој однос во кој субјектот себе се гледа определен со вредноста, во кој ја сопоставува кон себеси како и секој објект во кој и да било вид познание, Хартман го нарекува гнесеолошко постоење по себе на вредностите.

При анализата на доживувањето и признавањето на вредностите од страна на поединечната свест како нешто објективно и по себе, од кое треба да се изведе и онтолошкото постоење по себе на вредностите, Хартман особено го потенцира нашето уверување во нужноста на определени принципи и во нивната општост. Имено, кога во некој етички суд, на пример во оној дека злорадоста е за осуда, сметаме дека тука имаме пред себе нешто објективно, предметно „на тоа му соодветствува уверувањето, кое го следи секој вредносен суд, дека секој друг мора да суди така, да има исто чувство за вредност" (Хартман, 1, Кар. 16, d).

Но, се разбира, нужноста и општоста за која овде станува збор не е од психолошка провениенција, нема обврзност на несомнен природен факт: „Оваа општост не значи дека секој е способен за соодветниот увид во вредноста. Таа значи само тоа дека оној *кој е способен за него,* т.е. кој воопшто достасал до неговата смисла, *нужно мора така а не поинаку* да чувствува и морално да суди... Во оваа смисла - смисла која единствено доаѓа предвид - моралниот вредносен суд и примарното вредносно чувство кое стои зад него се строго општи, нужни

и објективни. Во оваа смисла, значи, самата вредност којашто се искажува во вредносниот суд е независна од субјектот на оној кој суди“ (Хартман, 1, Кар. 16, d).

Таа независност од субјектот кој суди докажува дека вредноста постои по себе: „Она што според својот начин на постоење не е релативно за субјектот, што наспроти субјектот, како сфаќачки, истапува како нешто независно и непоместливо, што му спротиставува една самостојна сопствена законитост, која субјектот може само да ја сфати и промаши, но не и да ја одбие, тоа има наспроти него карактер *на она што постои по себе.* (Хартман, 1, Кар. 16, а).

Но Хартман оди и понатаму. Тој не се задоволува само со тоа дека вредностите постојат по себе по урнекот на математичките ставови, туку го постулира постоењето на едно особено царство или ѕвездено небо на вредности: „Ставот дека вредностите имаат едно идеално постоење по себе искажува нешто повеќе отколку прост априоритет на согледување на вредности и апсолутно согледани вредности. Тој вели дека *има едно за себе постоечко царство на вредности,* еден вистински kosmos noetos, кој исто така е од онаа страна на стварноста како и од онаа страна на свеста“, (Хартман, 1, Кар. 16, а).

А на прашањето како доаѓаме во допир и комуникација со вредностите, како се одвива „пенетрирањето“ во тој вредносен универзум, Хартман одговара со следниве зборови: „Како се случува вистинското „пробивање“ на восприемањето до по себе постоечката вредносна структура, останува при сето тоа сосема во мрак. Тоа е тајна на согледување на вредностите, дури на идеалното согледување на суштините воопшто... Директната забележливост на идеалното царство, вистинската можност тоа да се доведе до восприемање, е еден факт на спознавање кој не може понатаму да се анализира, нешто ирационално, и, ако сакате, чудо во идеалното спознавање“. (Хартман, 3, Кар. 71, d).

Идеалното битие, идеалитетот на вредностите во етичката сфера се манифестира во форма на принципи, норми кои стојат во основата на сите наши проценувања. Реалното битие, реалитетот на вредностите има карактер на требање, барање: „Идеалното барање да бидат (Sein-sollen) е начинот на постоењето на вредностите, нивен особен модалитет, кој никогаш не преминува во структурата на материјата. *Вредноста од своја страна е содржина на требањето*“. (Хартман, 3, 18, а).

Додека категориите стварноста ја определуваат безусловно, владеат со нив без отпор, вредностите наидуваат и се соочуваат со отпор на стварноста и на она што поседува своевидна стратификациска специфика во неа: „Вредностите, доколку воопшто се остваруваат,

*мораат да се остваруваат против една веќе постоечка оформеност;* тие наидуваат во неа на навистина пасивен, мрзлив, но цврст и неотстранлив *отпор.* И доколку се остваруваат, изградуваат над постоечката категоријална оформеност на актите, една *нова виша структура,* која истовремено се воздига над онаа како над материјата. Тие во една друга и поособена смисла се *творечки принципи.* Тие можат и непостоечкото да го претворат во битие. Generatio ex nihilo, кое инаку е невозможно во сите други области, тука е можно" (Хартман, 3, Кар. 17, с).

Како динамички, творечки феномени, вредностите, сфатени како идеални суштини по себе, поседуваат тенденција кон остварување, „иако тие по себе се чисти идеални суштини и никако не може да се разбере како таквата тенденција би можела да се согласува со нивниот идеалитет" (Хартман, 1, Кар. 18, а). Тие, како принципи на етосот, ја трансцендираат сферата на суштините, идеалното постоење по себе и навлегуваат во флуктуирачкиот свет на етичките акти. Вистинскиот мост меѓу идеалитетот и реалитетот на вредностите се наоѓа во требањето како вистински модалитет на егзистенцијата на вредностите.

Хартман смета дека во прашањето на идеалитетот, постоењето по себе на вредностите се наоѓаме пред такаречи неразрешливи антиномии:

„Битието на вредностите како идеално е *рамнодушно* кон реалното битие и небитие. Нивното идеално барање да бидат постои независно од реалитетот и идеалитетот на нивната материја. И пак токму ова нивно идеално битие *не е рамнодушно* кон реалното битие и небитие. Нивното идеално барање да бидат вклучува *тенденција кон реалитетот;* реалитетот го одобрува каде што постои, го интендира каде што не постои, тоа го трансцендира идеалитетот. Оваа антиномија лежи во битието на самите вредности. Таа ја покажува инсуфициенцијата на онтолошките модалитети за особеноста на нивниот начин на постоење, е вистински израз на нивната суштина како идеални принципи, но принципи кои строго се насочени кон реланоста". (Хартман, 1, Кар. 18, а).

Хартман на вредностите concipирани како идеални им припишува динамички карактер, кој се изразува како требање да бидат остварени. Тој карактер тие мора да го имаат поради несогласувањето на идеалната и реалната сфера, заради што настанува односот на напнатост меѓу тие конститутивни сфери на вредносното битие, „постоењето на поинаквото и отпорот го сочинуваат она што треба да биде непостоечко и со тоа самото требање актуелно" (Хартман, 1, Кар. 18, б). Сопоставувањето на реалниот свет на вредностите кои се стремат

да го трансцендираат идеалното и да минат во реалното не е само пречка туку и услов за нивното актуелно требање.

Прашањето како вредностите се пробиваат во стварноста за Хартман останува антиномично. Динамичкиот карактер на вредностите инволвира дека тие имплицитно поседуваат некоја сила која го овозможува нивното пенетрирање во стварноста, но нивниот персеитет, асеитет, онтолошко-идеалниот карактер на нивниот идеалитет тоа го оневозможува: „Вредностите се само идеални сили, никакви реални, и нивните барања за човекот се идеални барања. Тие, навистина, наредуваат, но се немоќни реалната волја на човекот да ја определуваат од себе" (Хартман, 5, S. 293)

„Требањето нема само од себе никаква енергија на битие; нему му е потребно нешто друго, што својата енергија на битие му ја става на располагање, што му дозволува заедно со својата енергија да биде водено од него. Нему му е потребна оваа *туѓа енергија* на едно конкретно постоечко, оти наидува на отпор на реалното, на неговата онтолошка детерминација" (Хартман, 1, Кар. 19. б).

Во врска со поврзаноста меѓу личноста и вредностите, односно за автономниот или хетерономниот карактер на Хартмановата аксиолошка конструкција, Хартман вели: „Еден момент на личноста лежи во тоа што вредностите не го принудуваат субјетот, туку, и тогаш кога се согледани, само му поставуваат барање, но стварно му оставаат простор за акција. Тој факт, пак, што во негова моќ е вредностите да ги прифати или да не ги прифати, да ги стави или да не ги стави своите сопствени сили во нивна служба, на субјектот му дава еден вид иста положба со големите метафизички сили на битието - како на идеалните така и на реалните, барем принципиелно; преку него тој е еден самостоен фактор, една особена инстанца на битието покрај другите. Тоа е она што е наречено морална слобода. Персоналното суштество е 'слободно' суштество. Тоа содржи еден сопствен принцип, една автономија на самото себе, - покрај автономијата на природата во него и автонимијата на вредностите во него. Во оваа точка, се разбира, виси цел синџир на метафизички апории" (Хартман, 1, Кар, 19. f).

Посочениов комплекс мисли на Хартман имплицира кон заклучокот дека неговата аксиологија е консеквентно персонално-автономистичка. Но, да не заборавиме дека според него вредностите како идеални принципи постојат по себе, дека субјектот не ги создава генуино, дека содржината на моралните и другите вредносни интендирања не потекнува од него, туку дека тој само ги прима, пробивајќи се со своето вредносно чувство до него, дека човекот е место каде што

вредностите само изнурнуваат во стварниот свет, неговата аксиолошка објективистичка концепција добива ординарни хетерономни конотации: „Она што тој (субјектот) го оформува и создава, не потекнува од него самиот, се разбира, не е негов производ, туку тоа е она што тој со прислушкувањето го спознал од еден друг свет, за кој тој има орган за прислушкување. Но она што тој го дочул за него не е принудно“ (Хартман, 1, Кар. 19 с).

Својот аксиолошки апсолутизам, објективизам и онтологизам Хартман го конституира врз претпоставката дека надвор и независно од реалниот живот постојат вредностите како посебни идеални суштини, кои се невременски и надвременски и кои се пројавуваат во нашето вредносно чувство, кое со нив стои во еден директен, но необјаснив однос и врска, претпоставка која ја сочинува суштествената јатка на неговото сфаќање на односот меѓу вредноста и стварноста. Требањето е битна одлика на вредностите, модалитет на нивната „егзистенција“, со што неговиот аксиолошки концепт и конструкција се своевидна синтеза на Шелеровата „материјална вредносна етика“ и на кантовската, односно неокантовската етика и аксиологија.

Изворот на вредностите Хартман го наоѓа во нешто вончовечко, во интелигибилниот поредок на вредностите. Човекот не ги создава вредностите, оти кога би ги создавал, тие би биле подложни на пропаѓање; ние само ги откриваме вредностите во себе, стекнуваме свест и самосвест за нив. Вредностите постојат како идеални суштини, надвор и независно од секое суштество, тие се апсолутни, објективни, невременски, надстварни, идеални и иреални.

За Хартман битието е поширок поим од стварноста: тоа во себе ги инкорпорира реалитетот и идеалитетот. Идеалното битие постои по себе, како и реалното. Додека реалното битие го содржи светот на поединечните нешта во времето, идеалното битие ја сигнифицира и легитимира суштината, она што е општо и ги содржи математичките и логичките принципи, законите и вредностите. Битието е структурирано слоевито: анорганско, органско, душевно и духовно и на секој од слоевите му соодветствуваат и определени категории, меѓу кои постои таков однос што вишите категории зависат од нижите, и во себе ги содржат нижите, па се послободни, но нижите се појаки, додека вишите се побогати.

Вредностите, според Хартман, се оностранi: слични на Платоновите идеи, тие се ситуирани во другото, вишо царство, како идеални битија, идеи, односно суштини по себе, па се априорни и трансцендентни во однос на секое конкретно човечко искуство. Во односот кон

царството на вредностите, субјектот е пасивен, тој не го создава вредносниот карактер, туку само вредносната материја. Вредностите се остваруваат секогаш против некоја оформеност, затоа наидуваат на отпор. За разлика од категориите кои се природни закони кои мора да се почитуваат како обврзни, вредностите како принципи се рефлектираат врз стварноста како барање, како „треба да биде“, како „идеално интендирање“. Тоа е и начинот на егизистирањето на вредностите, нивниот содржински потенцијал е „требањето“, па се динамички феномени, и како креативни принципи интендираат кон реалитетот, кон зафаќањето на вредносната материја и добра.

Во „требањето“ е лоциран и преминот од идеалитетот кон реалитетот. И покрај тоа што во требањето се изразува вистинскиот модус на вредностите, нивното битие како идеално е индиферентно кон реалното, но има во себе тенденција кон него, во тоа е и противречноста во самото битие на вредностите. Како идеални сили кои лебдат над реалниот свет а се стремат да се остварат, тие наоѓаат друга сила во човекот, токму затоа што тој е суштество кое е во состојба да дава отпор, оти има слобода и има рецептори, детектори, „уво“ и „нос“ за вредности, а како активен субјект, како персоналитет има потенцијалитет за избор на вредностите, оти има и чувство за нив и стремеж да ги оствари. Според Хартман, покрај природната и аксиолошката сфера, постои и автономија во човекот, која ги „прислушкува“, реципира а не креира вредностите. Вредностите се од онаа страна на субјектот и објектот. Човекот е граѓанин на два света: реалниот, кој е подложен на неприкосновениот онтолошки закон на детернимацијата и космосот на вредностите чии барања ги прислушкува и само со залагање на личноста може да ги реализира тие вредности.

Спознавањето на вредностите е остварливо не по логички пат, туку по пат на чувство, интуитивно. Тие де факто се дадени априори како во своето битие така и во сознавањето, во стварноста вредностите само се препознаваат како и Платоновите идеи. Одделните вредности можат да се опишат, но вредносното битие како такво е неспознавливо. Вредносното чувство е извор, граница и мерило на спознанието на посебните вредносни добра. Вредноста е изделена од носителот на вредноста: убавината од човекот, односно од вредносното добро во кое таа се материјализира, вистината од оној кој ја олицетворува, секоја постапка на човекот од нејзиниот носител-реализатор итн. Но, спротивно од Хартмановото сфаќање, вредноста како идеја, како идеално, не може да се осамостои апсолутно од вредносното добро, односно без конкретното вредносно добро, или без реализираната

вредност ние не би поседувале ни таквост и квалитет на вредносното доживување.

Николај Хартман настојува вредностите да ги експлицира како нешто натстварно, невременско и натчовечко. Основните вредносни принципи според него конституираат едно посебно, идеалтипско царство на аксиолошки ентитети - асеитети и персеитети, космос на вредности, кој е дел од идеалното царство. Тие вредносни принципи инклинираат кон човекот, интендираат кон нивно остварување во човековата аксиолошка стварност, но нивната идеална егзистенција не е условена од тоа дали ќе бидат остварени или не. Човекот има орган за прислушкување на тие повици, олицетворен во своето примарно чувство за вредности, но вредносните принципи постојат независно од реалниот субјект и реалниот објект.

Хартман својот аксиолошки објективизам го фундира врз за него конститутивната аксиолошка разлика меѓу вредносниот карактер и вредносната материја, која ја специфицира на тој начин што вели дека субјектот со своите дела може да придонесе нешто за вредносната материја, да ја зголеми или да ја намали, но тој не може ништо да измени во поглед на тоа дали едни постапки се добри или лоши. Дивизијата на добро и лошо, вредносниот карактер постои независно од субјектите и еден чин е добар а друг лош ги оценувал субјектот како такви или не. Следува, значи, дека вредносниот феномен постои независно од субјектот.

Меѓутоа оваа аргументација се фундира врз недиференцирањето на два поима на субјект. Индивидуален, поединечен и општ, генерички субјект, субјект како единка и субјект како човештво. Навистина, важењето и егзистирањето на некој вредносен принцип и особено на вредносната одлика не зависи од тоа дали ги признава и остварува некој одделен субјект. Но без човекот воопшто, кому некои нешта и постапки му значат и вредат за неговото антропоосмислување и антропоспецијација, вредносниот феномен, вредносната одлика не би можела да се постави. Вредноста секогаш значи вредност за некоја човечка потреба, за инхерентна човечка цел. Вредносниот феномен има независно постоење од поединечниот субјект, е транссубјективен само во таа смисла, но нема независност од субјектот воопшто, оти вредносната свест и самосвест е човекова генуина, поединечна и родовска, специфика.

Хартман особено и упорно инсистира врз перситетот и независноста на вредностите од субјектите и стварноста но и останатите начини на аргументирањето во таа насока не можат да се оценат како

валидни и конзистентни. Тој, на пример, го посочува т.н. гносеолошко постоење по себе на вредностите тоест на нашето сопствено индивидуално увидување дека важењето на вредносните принципи не зависи од тоа дали ние ги исполнуваме, на нашиот увид дека тие имаа облигаторен карактер, дека се општи и нужни итн. Врз основа на тоа тој заклучува, правејќи еден метафизички скок, дека вредностите и вредносните принципи конституираат една персеитетна, асеитетна сфера на битие. Меѓутоа, овој скок во метафизички битие би бил нужен ако во реалното човеково битие не би постоеле некои нужности и законитости кои би нè воделе кон тоа вредносните принципи да ги чувствуваме како нешто надиндивидуално, облигаторно. Тие нужности се човековите животни и општествени потреби, Ние, како луѓе можеме да се антропопрофилираме и антропосупстанцијализираме само тогаш ако својата онтичка енергија ја насочуваме и фокусираме кон некои аксиолошки норми. Надиндивидуалното, обврзувачкото, објективното карактеризирање на вредносните принципи и норми се фундира врз нашите генуини потреби а не врз некое апстрактно метафизичко битие.

**ЛИТЕРАТУРА**

1. Hartmann Nicolai, *Ethic*, 2 Aufl., Berlin 1935.
2. Hartmann Nicolai, *Zur Grunlegung der Ontologie*, Berlin-Leipzig 1935.
3. Hartmann Nicolai, *Grundzuge einer Metaphysik der Erkenntnis*, 2 Aufl., Berlin-Leipzig 1925.
4. Hartmann Nicolai, *Der Aufbau der realen Welt.*
5. Hartmann Nicolai, *Kleinere Schriften*, Berlin, 1955.
6. Hartmann Nicolai, *Teleologisches Denken*, Berlin 1951.
7. Meyer Emmanuel, *Die Objektivitët der Werterkenntnis bei Nicolai Hartmann*, Meisenhein-Glan 1952.
8. Tkalčić Marjan, *Dijalektičko jedinstvo odgoja, obrazovanja i nastave*, Zagreb 1951.
9. Štegmilef Volfgang, *Glavne struje savremene filozofije*, Nolit, Beograd, 1962.
10. Pejović Danilo, *Realni svijet, Temelji ontologije Nikolaja Hartmana*, Nolit, Beograd, 1960.
11. Daval Roger, *La valer moral*, Paris, 1951.
12. Lavelle Louis, *Traité des veleurs I*, Paris, 1951.

***Клучни зборови:*** *битието, идеалитетот и реалитетот, модуси на битието (Seinweise), Seinsolen, содржина на треббањето, творечки принципи.*

## ZUSAMMENFASSUNG

Kole JOVANOVSKI

### DIE AXIOLOGIE DES NICOLAI HARTMANN

Wie andere idealistische Axiologen in Deutschland, ist auch Nicolai Hartmann bestrebt, die Werte als etwas oberwirkliches, unzeitliches darzustellen. Die grundlegenden Wertprinzipien sind für ihn ein eigenes Reich, eigener Kosmos, Kosmos noetos, der ein Teil des idealen Reiches ist. Diese Wertprinzipien stellen an die Wirklichkeit, d.h. an des Menschen, die Forderung, verwirklicht zu werden aber ihre ideale Existenz ist durch ihre Erfüllung oder Nichterfüllung nicht bedingt. Der Mensch hat das Organ zur Aufnahme dieser Anrufe, d.h. sein primäres Wertrgefühl, aber die Wertprinzipien bestehen unabhängig vom realen Subjekt und realen Objekt.

Um seine objektiv-idealistische These zu beweisen, macht Hartmann den Unterschied zwischen den Wertcharakter und der Wertmaterie und sagt dass, das Subjekt durch seine Handlungen der Wertmaterie etwas beifügen kann, dieselbe vergrössern oder nicht vergrössern, aber es kann nicht verändern die Tatsache manche Handlungen gut, andere schlecht sind. Die Einteillung auf gut und böse, der Wertcharakter, besteht unabhängig vom Subjekt: eine Tat ist gut, die andere böse ganz unabhängig davon, ob sie das Subjekt als solche ansieht oder nicht. Das Wertphänomen soll also unabhängig vom Anteil des Subjekt bestehen.

Diese Beweisführung gründet sich jedoch auf der Verwechselung zweier Begriffe von Subjekt: des individuellen, einzelnen und des allgemainen, generellen Subjekts, des Subjekts als Eizelwesen und des Subjekts as Mensch, Menschheit. Die Geltung und das Bestehen eines Wertprinzips und besonders einer Werteigenschaft hängt zwar nicht davon ab, ob dieselben irgendeines Einzelsubjekt anerkennt und verwirklicht. Aber ohne Menschen, dem gewisse Dinge und gewisse Handlungen etwas bedeuten und für seine Entwicklung und Hebung einen Wert haben, könnten die Werteigenschaft und das Wertphänomen überhaupt nicht gesetzt werden. Wert bedeutet immer Wert für ein menschliches Ziel, für ein menschliches Bedürfnis. Das Wertphänomen hat unabhängige Existenz in Bezug auf das Einzelsubjekt, ist transsubjektiv nur in diesen Sinne, est ist aber nicht unabhängig vom Subjekt überhaupt, von Menschen.

Auch andere argumente Hartmanns, die das Ansichsein und die Unabhängigkeit des Wertes vom Subjekt und von der Wirklichkeit begründen sollten können nicht als stichhaltig angesehen werden. Er insistiert zB. auf dem gnoselogischen Ansichein des Wertes, d.h. auf unserer eigenen individuellen Einsicht, dass die Gültigkeit der Wertprinzipien nicht davon abhängt, ob wir sie in die Tat imsetzen, auf unserer Einsicht, dass sie für uns bindend, dass sie allgeimein sind

usw. Einen metaphysischen Sprung ausführend, schliesst er daraus, dass die Wert und Wertprinzipien eine besondere Sphäre des Seins darstellen. Dieser Sprung ins metaphysische Sein wäre aber notwendig wenn in realem menschlichem Wesen keine Notwendigkeiten und Gesetzmässigkeiten bestünden, die uns dazu leiteten, die Wertprinzipien als etwas überindividuelles, bindendes zu fühlen. Diese Notwendigkeiten bestehen wirklich. Das sind unsere Lebens und Gesellschafts bedurfnisse. Wir können uns nicht als Menschen verwirklichnen und entwicklen, wenn wir unsere Energien nicht nach gewissen Normen richten, wenn wir nicht praktisch sich selbst und die Welt verändert, erhöhen, humanisieren. Der überindividuelle, bindende, objektive Charakter der Prinzipien und Normen gründet sich auf inseren Bedürfnissen, und nicht auf irgendwelchem metaphysischen Sein.

Dieser Versich Hartmanns, die Wertprinzipien als ein besonderes überwirkliches Reich darzustellen, ist als eine Art der Entfremdung, der Alienation des Menschlichen vom Menschen anzusehen.